"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
Бр. 0307-458/1
16.02.2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-202/3
24.02.2023 год.
КОНЧЕ

# ДОГОВОР

**за јавна набавка на горива за службените возила на општина Конче**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**Носител на набавката: МАКПЕТРОЛ АД - СКОПЈЕ,**
со адреса на ул. **„Св.Кирил и Методиј" бр. 4, 1000 Скопје,**
застапувано од **Директор на Дирекцијата за големопродажба, Зоран Доневски,**
со жиро сметка бр.**300000000126912**
Депонентна банка: **Комерцијална банка АД Скопје,**
Единствен Даночен бр.**4030954258093**,
(во понатамошниот текст: **Носител на набавката**).

и од другата страна

**Договорен орган ОПШТИНА КОНЧЕ**
со седиште во **Конче, 2424 Конче,**
застапувана од **Градоначалник, Златко Ристов,**
(во понатамошниот текст: **Договорен орган**)

**I. ПРЕДМЕТ НА НАБАВКАТА**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е сукцесивна набавка на 200 литри Еуросупер БС 98 и 5.000 литри Еуродизел БС, за службените возила на Договорниот орган, во период од 12 месеци, согласно донесената Одлуката за избор на најповолен понуда, со арх. бр 09-202/2 од 14.02.2023 година, по огласот за јавна набавка од мала вредност бр. 01205/2023 од 02.02.2023 година, со презентирање на Верна+ картичка издадена од Носителот на набавката, на начин и под услови согласно доставената понуда и одредбите од овој договор.

**II. ВРЕДНОСТ НА НАБАВКАТА**

**Член 2**

Проценетата вредност на набавката од член 1 на овој договор, без вклучен ДДВ изнесува 372.659,00 денари, односно 439.737,00 денари со вклучен ДДВ.

Конечната вредност на овој договор, ќе се утврди врз основа на конечната вредност на набавените количини на гориво, во периодот од 12 месеци.

Договорниот орган нема обврска да ја реализира во целос вредноста на договорот

Член 3

Носителот на набавката ќе му ги издаде на Договорниот орган по негова претходна писмена нарачка, Верна+ картичките, следниот ден од денот на пристигнувањето на нарачката кај носителот на набавката. Картичките се наменети исклучиво за снабдување со горива од бензиските станици на носителот на набавката .

Носителот на набавката е должен да ги издаде Верна+ картичките само на лице кое ќе се легитимира со писмено овластување издадено од Договорниот орган.

Договорниот орган е должен веднаш, на бензинската станица каде е извршено последното полнење на дериватите, да му ја врати на носителот на набавката Верна+ картичката, која е негова сопственост, тогаш кога нема повеќе средства на картичката.

## III. ЦЕНИ, УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Цената на нафтените деривати, предмет на овој договор е променлива и истите се продаваат од бензинските станици на Носителот на набавката според малопродажните цени утврдени согласно Одлуката за определување на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати, утврдени согласно Методологијата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, важечка на денот на точење на горивото.

За издадените деривати на бензинските станици носителот на набавката му издава ,,сметка" на Договорниот орган која мора да биде потпишана од двете договорни страни.

Доколку за време на испораката дојде до било каква промена во однос на цените, фактурирањето ќе се врши по новите цени.

Член 5

За испорачаната стока, Договорниот орган ќе биде должен да му ја плати на Носителот на набавката фактурираната цена.

**Член 6**

Плаќањето на издадените Верна+ картички Договорниот орган е должен да го изврши во рок од 30 дена од денот на издавање на фактурата за Верна + картичките, вирмански.

Доколку Договорниот орган плаќањето го врши после рокот утврден во став 1 од член 6 на овој договор, Носителот на набавката има право да засмета и наплати законска казнена камата во висина согласно со Законот за изменување и дополнување на законот за облигациони односи (Сл.бр.161/09), сметано за целиот период на доцнење.

Доколку Договорниот орган има доспеани, а неплатени обврски по основ на овој договор, Носителот на набавката го задржува правото на неиздавање на нови Верна + картички, до целосно подмирување на доспеаниот долг.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

Овој договор стапува во сила на денот на потпишување.

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и други закони и акти што ја регулираат материјата,предмет на овој договор.

**Член 8**

Овој договор може да биде менуван во согласност со волјата на двете договорни страни и сите измени и дополнувања можат да се вршат само по писмен пат.

Дополнителни прилози и протоколи можат да го дополнуваат овој договор под услов да се потпишат од овластени застапници на двете договорни страни.

**Член 9**

Сите спорови по овој договор, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а до колку тоа не се постигне, за нивно разрешување, странките договараат месна надлежност на стварно надлежниот суд во Скопје.

**Член 10**

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (две) за Договорниот орган и 2 (две) за Носителот на набавката.

**ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР**

**МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ ,**

**Директор на Големопродажба,**

**Зоран Доневски**

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**

**ОПШТИНА КОНЧЕ,**

**Градоначалник,**

**Златко Ристов**

Изработил: М.М

## Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на огласотбр.01205/2023 објавен од страна на Општина Конче за набавка на моторни гориво за службени возила на Општина Конче со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

1.1.Име на понудувачот: МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ
1.2. Контакт информации
- Адреса: Ул. Св Кирил и Методиј бр.4 Скопје
- Телефон: +02 3146 383 и 3146 344
- Факс: +02 3111 525
- Е-пошта:marina.miteva@makpetrol.com.mk; tanja.dzambaz@makpetrol.com.mk
- Лице за контакт: Тања Џамбаз и Марина Митева

1.3. Одговорно лице: Директор, Зоран Доневски
1.4 Даночен број: 4030954258093
I.5.Матичен број 4057643

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единеч на цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| ЕУРОСУПЕР БС 98 | литар | 200 | 71,18 | 14.236,00 | 2.562,48 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | литар | 5 000 | 64,40 | 322.000,00 | 57.960,00 |
| Се вкупно без ДДВ: 336.236,00<br>(со зборови) триста триесет и шест илјади и двеста триесет и шест мк денари | | | | | |

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 336.236,00 *[со бројки]* (триста триесет и шест илјади и двеста триесет и шест мк денари) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 60.522,48

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Скопје, 09.02.2023

Одговорно лице*

Директор,
Зоран Доневски
(потпис)